# ИНСТИТУТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

Олга МУРЏЕВА - ШКАРИЌ

## КУЛТИВИРАЊЕ НА ТОЛЕРАНТНОСТА

Етимолошки " tolerance " произлегува од латинскиот глагол tolero, што значи носи, поднесува, трпи. "Tolerans" (1.стр.1073) значи подносителен, трпелив, истрпува. "Tolerantia" значи трпеж, поднесување.

Во речниците на француски, шпански, италијански, англиски, кинески, арапски, а можеби и други јазици (2, стр.13), толерантност значи да се поднесува, страда, пати, трпи, трпеливост, воздржување, но денес сепак, пред сѐ, способност да се прифатат идеи и мислења различни од сопствените, да се дозволи другите да мислат и дејствуваат поинаку од нас, без обид да ги дискриминираме поради тоа или да ги притискаме да станат како нас, па и да бидеме со љубезност кон нив.

Во речникот на македонскиот јазик (3) со *толерантен-тна* се означува оној кој пројавува трпеливост кон туѓо мислење, став, карактер и сл. *Толерира* во македонскиот речник значи *трпи, поднесува некого или нешто.*

Што се однесува за *трпежот*, македонскиот народ добро научил и не заборава што е тоа. Трпи потчинетиот. Но секако дека трпеж е само еден облик на толерирање, тоа е трпеливост која е премолчување на навреди, доминација од страна на други, најчесто поради немоќ да се спротистави и ослободи од оној кој притиска.

Ќе приведеме една македонска народна песна од која оддекнува морничава слика за страотните притисоци и зулуми што морал да ги трпи поробениот народ во минатото, а кои не можеле да не остават печат и врз начинот на одгледувањето на децата. Вчудоневидува немањето граници на трпежот на родителите пред чии очи нивните деца се измачувани со печење на ражен. Кога детето ги моли родителите да го спасат од страотните маки на раженот, тие му велат во крајна безизлезност:

..."Потрпи, сине, потрпи,
дури душа да излезе!"

Вака можел да рече само крајно немоќен човек за да утеши дека и тие маки имаат крај. За жал, вакви арамии и кесеџии денес се воените профитери и до овој краен степен на трпежот се притиснати луѓето во подрачјата каде беснее војната.

Другото лице, другото значење на толерантноста, е *поднесува*. Ги поднесуваат потчинетите оние кои доминираат, но тоа не значи дека ги пичитуваат, или сакаат, напротив! Лично, во ваков контекст, ќе ме погоди ако некој ми рече дека ме толерира. Значи ме поднесува, ќе ме истрпи, но не ме почитува, не ме симпатизира, не ме сака! Меѓу нас двајца или ќе почне дијалог, или конечно ќе се разијдеме секој на своја страна, а може да дојде и до отворен конфликт. Близината на оние кои само се трпат не им е пријатна. Се вели и дека некого го толерираме кога нема спремност отворено да се изрази негова непожелност. На пример, може да се изрече гласно: "На оваа женска конференција присуството на мажите се толерира!" Суштинската порака е дека: " Ако дојдат мажи, нема да ги истераме, но подобро е да не дојдат. Нема да им обрнуваме внимание, нема да ги ставаме во работни тела. Затоа се молат да не пречат со своето присуство!"

*Историски* прикажано, за прв пат поимот за *верска толеранција* е елабориран во 17 век од страна на Џон Лок (4) и Пјер Бел (5). Пред тоа не се сретнуваат написи за кој било друг вид толеранција. Но ова не го негира фактот на постоење толеранција во обноските меѓу луѓето многу порано. Може дури да се рече дека апсолутна толерантност има во сократовските дијалози. Старите Грци биле политеисти, а признавале дека и боговите на другите, исто така се богови. Појавата на монотеизмот го наметнува и принципот на посебноста, исклучивоста и нетолерантноста: има само еден бог. Денес постои фактот за постоење многу различни вери и за ниту една од нив не може да се рече дека е вистинската, а другите грешни. На религиозен план, повикот за толерантност е знак за вистинска вознемиреност за Бога и за вистината, а неа ѝ нема крај: никогаш никој не може да го прифати интимно за вистина она што другите така го квалификуваат, ако тој самиот мисли поинаку, односно има свое интимно убедување дека тие се во заблуда. Тоа е дел од неговата свест и во неа е клучот.

За *демократското општество,* вели Карл Попоер врвни начела се слободата и трпеливоста, но под услов да не се апсолутизираат. Нивното апсолутизирање води до непожелни, парадоксални последици. За парадоксот на слободата, уште Платон рекол дека е опасно слободата да се сфати како неограничена, бидејќи нејзините противници ќе ја злоупотребат за да ја освојат власта и да наметнат тиранија. Слично и со неограничената толерантност, бидејќи пропагира трпеливост и за она што не смее да се трпи, а нетолерантните тоа ќе го искористат за да ја земат и одржат власта.

Толерантноста не значи толерирање на постојните односи, во кои има многу неправда и бара структурни промени во едно општество и на глобален меѓународен план. Засега е видливо дека толерантност многу грлато проповедаат оние кои се плашат за својата надмоќна положба, кои го фаворизираат постојното или сакаат да воспостават нова доминација во подрачје кое е во зоната на нивните културни, економски, геополитички и други интереси. Меѓу нив има и такви кои мошне вешто ги пренесуваат умешностите за ненасилно решавање конфликти преку преговарања или и самите се медијатори во разрешување на крупен конфликт и

хаос за кој придонеле да се јави, или најмалку, барем откако ќе ја освојат доминантната позиција, придонесуваат да се преговара на долги стази! Ова е појава која е протежирана од поединци, групи или држави.

Толеранцијата знае да биде лажна и опасна вредност како стапица која ќе нè приклешти на место. Универзалното право на разлика не значи дека во рамките на една културна група с заслужува да сè негува и пренесува. Запаѓање во културен релативизам придонесува да не се разликува здравото јајце од сматокот.

**Трпеливоста има свои граници**

Има ситуации кога јасно може да се рече што не се толерира. Лешек Колаковски (6) наведува неколку примери на такви ситуации: отворена агресија, геноцид, мачење, шиканирање на оние кои не можат да се бранат. Ова се само примери. Минимална манифестација на толерантноста е дозволувањето другиот да постои физички, да не му го нарушуваме физичкиот интегритет. Во секојдневието секој од нас доаѓа во ситуација да определува што повеќе не може и не треба да трпи.

Нетолерантноста може лесно да се види ако е изразена преку кршењето на правата на човекот, кога предизвикува различни облици на дискриминација кои водат кон насилни конфликти. Потешки видови нетолерантност кои можат лесно да се дијагностицираат се сексизмот, расизмот, етноцентризмот, национализмот, фашизмот, ксенофобијата, антисемитизмот, лингвицизмот, империјализмот, експлоатацијата и верските притисоци.

Во поимот толерантност најнапред биле опфатени само обноските меѓу луѓето, но не и односот на човекот кон природата за која се претпоставува дека важат природните закони кои се проверливи со експерименти и прецизни мерења. Но денес, поради нараснатата технолошка моќ, човекот може да го промени воспоставениот природен ред, не се вклопува во природата и ја уништува . Во услови на можност човекот да го доведе до катастрофа функционирањето на еколошкиот систем, полето на толерантноста се проширува и на овој план.

Но постои и фактот дека во областа на теологијата и на политиката, воопшто во општествените науки, не може со прецизност да се пресмета кои се најточните верувања или најдобрите модели за сите луѓе. Тука нема логичност на доказите и објективно експериментирање, нема егзактен резултат како во математиката и природните науки. Одмерувањата се вербални, бескрајни за тоа кој е поблиску до вистината. А вистината е само барање смисла за односот кој постои меѓу реалноста на предметите и психата.

## Воспитание за осетливост на знаците на нетолерантност

Кога во пошироката заедница ќе се забележат определени поведенија и обноски преку кои се изразува нетолерантност, тие секако дека ќе се изразуваат и во рамките на образовниот систем. Тие можат да се забележат во ставовите и во поведенијата на учениците, бидејќи тие лесно учат по пат на имитација на она што го прават возрасните, а многу помалку се вешти да ја сокријат нетолерантноста. Предрасудите, стереотипите, подсмевнувањата, обезвреднувањата, потценувањата, омаловажувањата, навредувањата, дискриминирањата, исклучувањата, издвојувањата, притисоците, уништувањата - сето тоа се знаци за нетолерантност на кои од рана возраст треба да ги правиме децата осетливи да ги препознаат и да не ги прифаќаат. Како тоа може да се операционализира во воспитната практика ќе наведеме дека, меѓу другото, мошне добвро е илустрирано од страна на УНЕСКО (2). Конечната цел на воспитанието не е само да се знае и да се препознае што не може да се толерира, туку и да се усвои вредноста толерантност, да се развијат способности и вештини таа да биде дел од нашите обноски и составен дел на личноста.

## Интеркултурно воспитание и вредности

За толерантноста денес се наведува дека може да има две лица, таа *е дволична и како таква знае да биде опасна (7)*. Бесмислено е да се прокламира толерирање на сите традиции и стилови на живеење, посебно ако е видливо дека тие го оневозможуваат развојот на единката и општеството. Прокламиравме право на разлика, а тоа ни се враќа како национализам, интегризам во свои јата, затворање во гета и апартхејди. *Затворањето* во етничка, верска и која било друга група е *лет во место, од во празно - лер - и оневозможува да се култивира личниот идентитет.* Културата е заедничка творба на човештвото и во себе содржи многу поткултури, толку колку што има луѓе. Културите се развиваат оплодувајќи се во контактите меѓу поединците, секој од нив носејќи повеќе од белегот на некоја културна група.

Вчаурени од правото на разлика, често го заборавме основното, заедничкото: *способноста да култивираме нови културни синтези преку оплодување на разликите*. И забораваме дека постои дијалогот и моќта преку него другиот да го убедиме во повисокиот квалитет на она што сме го осознале и искусиле. Должност ни е да им ги пренесеме културните дострели на другите, да ги запознаеме со нив, за да имаат право на избор од нови понуди кои се плод на култивирање. Инаку неразвиените, сиромашните, издвоените во нивното гето, во името на почитувањето на разликите и нивното толерирање, немаат шанса за развој.

Можеби ќе бидеме поблиску до она што треба да значи толерантноста ако го прифатиме правото да проценуваме транскултурно. Тоа што жените се издвојуваат во посебни организации е доказ дека постои транскултурното и едновремено една посебна, женска култура.

Жените од различни културни средини може да се чувствуваат припаднички на определени етнички групи, други само граѓанки на светот и немаат чувство на припадност на една етничка група. Над сето ова и кај едните и кај другите се издига заедничката припадност на женскиот род кој во историскиот развој во многуте општества добил заеднички белези произлезени од односите меѓу машките и женските. Тие, пред сè, ги поставуваат женските прашања. Но при сето тоа, над сето ова, жените се само човечки суштества.

### Толерантноста како преиспитување на себе самиот и споделена одговорност

Толерантноста добива позитивна инспирација кога значи прифаќање дијалог. Во својата суштина секој дијалог е дијалог со самиот себе, лично преиспитување на самиот себе. Со помош на другиот го преиспитуваме нашиот идентитет, нашите идентификации. Ете, каква толерантност треба и ете каде таа треба да води: отворање кон другиот, активно слушање и обид другиот да се разбере, став на почитување на посебноста на единките, групите, државите кои се во интеракција. Непрепознавањето на посебноста на вистината на другиот е само прикриена нетолерантност. Од едноставното индиферентно коегзистирање на двајца туѓинци еден до друг толерантноста треба да израсне во внатрешно препознавање и прифаќање на другиот, па дури и претпоставува постоење љубов за него.

Толерантноста треба да се развива како диспозиција, дел од менталната структура на личноста и како вештина за дијалог со себе самиот и со другите.Тоа е можно бидејќи дијалогот со другиот е секогаш и внатрешен, дијалог со самиот себе. Се ставам пред другиот како пред огледало, а мојот идентитет има работа со мене самиот преку допирот со другиот различен. Толерирањето на различното преку дијалогот води до развој преку реструктуирање на личноста.

Едновремено со вака определената насока за развој на толерантноста, потребно е актите со кои се регулираат односите во која било општествена заедница јасно да определат што таа нема да толерира и како тоа ќе го санкционира. Вредноста толерантност најчесто се истакнува во услови на длабоко нарушена општествена рамнотежа, а можеби и хаос, кој треба да се реструктурира во општествен систем со други вредности (8). Денес таа фаза на општествени промени се нарекува транзиција и во неа посебно значење има промената на постојната распределба на моќта при што толерантноста станува врвна вредност која означува споделена одговорност.

ЛИТЕРАТУРА:

1. Divković,M.,Latinsko-hrvatski rječnik, Zagreb,1900 (izdanje petto, reprint 1988)

2. UNESKO, Tolerance: the threshoild of peace, Paris, 1994.

3. Конески, Б.(редактор), Речник на македонскиот јазик, Скопје, Македонска книга, 1986.

4. Lok,Dž., Pismo o trpeljivosti, in: Primorac,I. (redaktor): O toleranciji,Beograd,Libertas, 1988 (s. 73-105)

5. Bel,P., Filozofsko tumačenje o rečima Isusa Hrista "Natjeraj ih da dođu", in: Primorac, I. (redaktor): O toleranciji, Beograd, Libertas, 1988 (51-71).

6. Kolakovski,L., Pohvala nedoslednosti, in: Primorac,I (redaktor): O toleranciji, Beograd, Libertas, 1988 (s.443-454).

7. UNESKO, La toleranse oujord' hui, Paris, 1993.

8. UNESKO, CIDREE, A Sense of Belongig, Paris, 1993.

Olga MURDZEVA-ŠKARIĆ

## CULTIVATION OF THE TOLERANCE

(Summary)

Bearing in mind the definition of the tolerance, the author in this article tries to express her own view and study of:

- the limits of the tolerance;
- the education for the sensitivity;
- the signs of the intolerance;
- the intercultural education and values;
- the tolerance as selfeximination, and
- the shared responsibility.